

Интернационална завршна конференција за проектот
**Good Governance and Sustainability in Sport Practice**

20/05/2025
13:00-17:00
Факултет за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ



Co-funded by the European Union

## ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО

Почитувани спортисти, тренери, волонтери и спортски менаџери,

Здружението за заштита и унапредување на животната средина Еко-Логик има чест и задоволство да Ве поканиме да бидете дел од специјален настан кој се организира во рамките на меѓународен проект посветен на унапредување на одржливоста и доброто управување во спортот. Настанот е организиран од страна на Еко-Логик во соработка со партнерски организации од Италија, Шпанија, Србија, Унгарија и Германија, и има за цел да создаде силна платформа за размена на искуства, знаења и идеи помеѓу сите засегнати страни во спортскиот сектор.

Спортот не е само натпреварување и физичка активност – тој претставува моќна алатка за социјална кохезија, личен развој и позитивни промени во заедницата. За да го задржи и прошири овој потенцијал, неопходно е да се фокусира на принципите на добро владеење, транспарентност, вклученост и долгорочна одржливост. Овие вредности треба да бидат поддржани од сите учесници во спортскиот екосистем – од спортистите на терен, до тренерите, волонтерите и менаџерите кои го водат процесот од зад сцена.

Вашето учество е клучно. Без разлика дали сте спортист што се стреми кон високи достигнувања, тренер што го инспирира следниот талент, волонтер што несебично придонесува кон успехот на спортските настани или менаџер што креира стратегии и одлучува за иднината на спортскиот клуб – Вие сте носители на позитивни промени. Овој настан е можност да се слушне Вашиот глас, да се споделат успешни практики и да се поттикне нова енергија за соработка и иницијативи.

Очекуваме да Ви овозможиме корисна и инспиративна средба, на која ќе се оформат нови партнерства и ќе се отвори простор за развој на конкретни идеи за идни заеднички проекти. За сите учесници ќе биде обезбеден и сертификат за учество, со што се валоризира нивниот придонес во градењето на одржлива спортска заедница.

Настанот има за цел да ги обедини сите клучни актери во спортот и да обезбеди платформа за вмрежување, размена на искуства и развој на идни проекти за одржливост.

**Вашето присуство и учество се од голема важност!**

Ве молиме потврдете го Вашето присуство тука најдоцна до 15/05/2025

Со почит,
**тимот на Еко-Логик**

Во прилог е и агендата на настанот:

📅 **Датум: 20/05/2025**
🕔 **Време:** 12:30 – 16:30
📍 **Локација:** Амфитеатар на Факултет за физичко образование, спорт и здравје

**Агенда:**

- **12:30-13:00 – Пристигнување и регистрација на учесници**
- **13:00–13:10** – Добредојде и отворање (проф.д-р Влатко Неделковски – декан на Факултет за физичко образование, спорт и здравје)
- **13:10–13:20** – Обраќање на директорот на Еко-Логик, Никола Нешкоски
- **13:20–13:30** – Презентација на проектот и конзорциумот – Милан Зониќ, Српска бејзбол федерација, координатор на проектот
- **13:30–14:15** – Вовед во активности и проектни резултати од европските партнери

  - Д-Р Хушманд Масуми, претставник на Urban Research and Education

  -Габриела Петроци, претсавник на Második Esély Sportegyesület

  -Вељан Паризов, претставник на Еко-Логик

  -Наира Гарсиа, претставник на БИОДИВЕРСА
- **14:15–14:30** – Презентација на GAIA CHART и GAIA мрежата

  -Џанкарло Маси, претставник на Л'ОРМА

  -Душан Миловановиќ, претставник на Српска Бејзбол Федерација
- **14:30–15:00** – Пауза
- **15:00–15:50** – Дискусија: Добро управување и одржливост во спортот (тројца говорници)
- **15:50–16:40** – Работа во групи за идеи за идни проекти
- **16:40–17:00** – Затворање, евалуација и доделување сертификати